Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 13:40 часот.

Со седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата учествуваа членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Информација во врска со започнување со откуп на тутун од реколта 2023 година и зголемување на откупни цени на тутун од реколта 2023 година во Тутунски комбинат АД Прилеп

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

По однос на оваа точка немаше предлози.

### Точка 2

**1.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање за  2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точката 5, наместо „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“ да стои „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**2.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 3А-Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**3.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 2В-Изградба на социјални станови, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**4.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 1А-Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во Република Северна Македонија, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за здравство за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**5.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА Изградба на основни училишта во Категорија 48 Капитални расходи и во Потпрограма ТВ Изградба на училишни спортски сали во Категорија 48 Капитални расходи во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2023 година и ја донесе Одлуката со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**6.** Владата ги донесе:

1) Одлуката за одобрување на средства на Општина Ѓорче Петров од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

2) Одлуката за одобрување на средства на Општина Велес од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

3) Одлуката за одобрување на средства на Општина Штип од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**7.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата во Потпрограма 84-Одржување на објектите и опремата во областа на културата, на Ставката 488-Капитални дотации до ЕЛС за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точката 5, наместо „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“ да стои „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**8.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски и ја донесе Одлуката, со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

**9.** Владата по повод укажувањето на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со Заклучокот донесен под точка 20, Прашања и предлози, на Двесте и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2023 година, по Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, донесена од Собранието на Република Северна Македонија, заклучи да се измени и да гласи:

-„Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за култура/финансирање на дејностите од областа на културата, Министерството за здравство, до Владата да доставaт предлог-одлуки за одобрување на средства на наменски сметки на општините, согласно Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите.

Предлог-одлуките ќе бидат разгледани на некоја од наредните седници на Владата.“.

**10.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок во точка 5, зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“, да се заменат со зборовите „Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.“.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со започнување со откуп на тутун од реколта 2023 година и зголемување на откупни цени на тутун од реколта 2023 година во Тутунски комбинат АД Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја одобри процената на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, истиот да изврши зголемување на откупните цени на тутун по класи од реколта 2023 година.

2. Владата заклучи да свика Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп за верификација на Одлуката за зголемување на откупни цени на тутун од реколта 2023 година, донесена од Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

<u>Точка 4</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**